# '2007

## СКУЛПТУРИ НА НОВОТО ВРЕМЕ

АНЕТА БОЖИНОВА



Родена е во Скопје 1974. Завршила средно Училиште за применета уметност - вајарство во класата на професор Ангел Нацевски во 1993 во Скопје. Од 1993-98 студира при ФЛУ - Скопје во класата на кај проф м-р Стефан Маневски отсек вајарство со керамика. Во 2000 магистрира на тема "Психолошките состојби низ секојдневното човеково битисување" во класата на проф. Драган Попоски - Дада. Од 1998 е активен член на ДЛУМ, а во 2006 е и член на Управниот одбор. За својата работа има добиено повеќе награди и признанија меѓу кои и наградата "Јордан Грабул" за најдобра скулптура на изложбата на ДЛУМ 2004. Реализирала 9 самостојни изложби (Македонија, Австрија, Хрватска), дваесетина групни изложби како и презентации и др. Живее и работи во Скопје.



“Инстинкт“,
керамика, 44x37x20;
2007



## АНГЕЛ ДИМОВСКИ ЧАУШ

Роден е 1952 во Крнино-Велес. Во 1973 завршува Училиште за применета уметност во Скопје - вајарски отсек во класата на Димо Тодоровски. 1973-77 студира Историја на уметност со археологија во Скопје, а 1980 се запишува на ФЛУ - Скопје, отсек вајарство со театарска, филмска и телевизиска сценографија. По завршувањето на истиот се посветува во областа на скулпторското творење, а остварува и студиски престои во Италија, Шпанија, Германија, Грција, Египет и Турција. Од 1984 членува во ДЛУМ, а од 2002 член е на француското друштво на ликовни уметници “La maison desartistes“. Живее и работи како слободен уметник во Македонија и Франција. Самостојно излагал во Скопје, Велес, Гевгелија, Куманово, во Германија ...Групно излага на повеќе изложби во Македонија и Франција а има освоено и повеќе награди и признанија меѓу кои 2006 наградата на ДЛУМ - “Јордан Грабул“ и 2007 откупна награда на Меѓународниот конкурс за уредување на плоштадот “Македонија“ во Скопје. Неговите дела се присутни во збирките во Америка, Африка, Франција, Холандија и др.



“Шпањолка“,
бронза, 52x25x13;
2002



## АНГЕЛ КОРУНОВСКИ

Роден во Велес во 1979, во 1998 завршил средно Училиште за применета уметност, отсек - скулптура во Скопје. Во 2003 дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек - скулптура, во класата на професор Васил Василев, насока конзервација и реставрација. Во 2003 запишал постдипломските студии на ФЛУ во Скопје. Самостојно изложувал во Скопје, Велес и Куманово, а реализирал и монументални скулптури во Скопје (2004 "Јас и ти" - дрво, сквер Идадија) и Велес (2005 "Велешки илинденци" - коњаник во бронза). Учествувал во работата на повеќе колонии, проекти, групни изложби а за својата работа има добиено повеќе награди и признанија. Студиски престои: Србија и Црна Гора, Бугарија, Грција и Франција, Site internacionale des arts 2005.



"Скитник",
метал, 67x51x40;
2007



## АТАНАС АТАНАСОСКИ

Роден е во Прилеп 1961. Дипломирал на ФЛУ - Скопје (отсек скулптура) во класата на проф. Стефан Маневски 1987. Завршил постдипломски студии на ФЛУ - Будимпешта - Унгарија, 1995. Член е на Асоцијацијата "Студио на млади ликовни уметници во Будимпешта" од 1990, а во ДЛУМ членува од 1987. Работи како асистент истражувач во Институтот за старословенска култура Прилеп. Самостојни изложби и проекти реализирал во периодот 1988-2006 во: Прилеп, Будимпешта, Пиран (Словенија), Скопје, Линдабрун (Австрија), Битола, како и групни изложби во: Унгарија, Словенија и Македонија. Има остварено и награди 1995 - Пиран, Словенија и 1998 - Скопје - ДЛУМ Награда за скулптура "Јордан Грабул" на Зимскиот салон.



Од циклусот
"Поткуполни објекти",
целулозна смеса, памук,
54x54x23; 2007

АЗИР АЗИРИ



Роден е 1968 во с. Лопате - кумановско. Дипломирал 1998 на Универзитетот во Тетово на вајарскиот отсек кај професорот вајар Љуан Малиќи. Работи како наставник по ликовно воспитување во О.У "Битолски конгрес" во селото Лопате. Досега има учествувано во повеќе проекти и десетина групни ликовни изложби како и реализација на 2 самостојни претставувања.



“Ангелите на слободата“,
метал, 30x60x25;
2007



## БЕДИ ИБРАХИМ

Роден во Скопје во 1959 ФЛУ, оддел за скулптура завршил во класата на проф. Петар Хаџи Бошков во Скопје во 1985. Во 1999 завршил постдипломски студии на истиот факултет кај професорите Стефан Маневски и Васил Василев. Од 1985-1989 бил член на групата Зеро. Во 1991 како стипендист на турската влада престојувал на ФЛУ при Универзитетот Мимар Синан во Истанбул, како и во ателјето на светски познатиот архитект Џенгис Бекташ. Во 1992 под менторство на проф. Томур Атагок престојувал на Јилдиз Универзитетот во Истанбул каде вршел истражувања во Кападокија. Од 1985 до 2007 самостојно изложувал во Скопје, Сараево, Истамбул, Битола, Дрезден, Нирнберг, а учествувал на голем број групни изложби во земјата и странство. 1996 година е преставник на Македонија на Истамбулското биенале. Од 1983 учествувал на бројни мегународни колонии.

Од 2002 работи како професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје каде воедно е и актуелен продекан.



"Гнездо",
камен, дрво,
165x28x23;
2007



## БИЛЈАНА ВЕСЕЛИНОВА

Родена 1973 во Штип. Дипломирала на ФЛУ Скопје, отсек вајарство со керамика во класата на Бранко Коневски. Досега реализирала две самостојни изложби а учествувала на повеќе групни изложби и ликовни проекти во Република Македонија. Член е на ДЛУШ од 1999.
Живее и работи во Штип.



"Птица",
патиниран гипс,
22x22x14;
2005



ЕМИЛ СОЛЕСКИ

Роден 1969 во Прилеп. Студирал на Ликовната академија при универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, отсек вајарство со конзервација и реставрација во класата на проф.Бранко Конески. Дипломирал во 2002 под менторство на проф. Жарко Башевски. Во текот на студирањето изложува повеќе свои дела на групни студенски изложби и е добитник на наградата студент на генерација. Првата самостојна изложба со наслов "Ритам" ја поставува во склоп на Научно Културни Средби "Десет дена Крушевска република". Во оваа и следна изложба со наслов "Прогресија", Емил експериментира со различни материјали (бел мермер, гранит, оникс, метал). Во 2003 како дел од циклусот "Прогресивен ритам" ја поставува композицијата "Корија" во старата двојна бања (Чифте амам) во Прилеп. Живее и работи во Прилеп.



"Прогресија",
мермер, 32x25x23;
2007

ГЕОРГИ КОНЧАЛИЕВ



Роден е 1980 во Струмица. Во Скопје завршил, средно уметничко Училиште за применета уметност и ФЛУ - Скопје, отсек вајарство со графички дизајн, вајарство во класата на проф. Васил Василев, а дизајн кај проф. Костадин Танчев - Динка.

Живее и работи во Струмица каде има реализирано самостојна изложба во 2005 во НУ Центарот за култура "Антон Панов" - Струмица. Има учествувано на повеќе групни изложби и колонии во Македонија, Бугарија, Србија и Црна Гора. Член е на ДЛУС од 2005.



"Композиција",
дрво, 58x29x22;
2005



## ЃОРГИ ДИМОВСКИ

Роден е 1980 во Битола. Завршил средно Училиште за применета уметност во Скопје 1998. Дипломирал на ФЛУ - Скопје на отсекот вајарство со конзервација и реставрација во класата на проф. Жарко Башевски во 2005. Членува во ДЛУБ од 2005. Во моментот е на постиппломски студии на ФЛУ - Скопје. Самостојна изложба реализирал во Уметничката галерија во Биторла - 2005, а учествува и на групни претставувања во Битола (ДЛУБ) и Скопје (МКЦ) - 2005. Има освоено и прва награда на конкурсот “Споменик за битолските бранители од конфликтот 2001“



“Игра“,
мермер, 75x20x20;
2007



## ГОЦЕ НАНЕВСКИ

Роден 1974 во Скопје. Во 1996 Дипломира на ФЛУ Скопје, во класата на проф. Васил Василев; 2002. Магистрира вајарство на ФЛУ Скопје. Од 2004 работи како асистент на ФЛУ Скопје. Член на ДЛУМ од 1999. Самостојно изложува во Скопје, Велес, Гостивар, Пловдив (Бугарија) 2007 и Њујорк (САД) 2007 како и учество на повеќе групни изложби во: Македонија, САД, Португалија, Австрија, Грција, Италија, Србија и Црна Гора, Романија и др.
Награди: 2004 Награда - Стефан Маневски за скулптура ДЛПМ; 2003 Скопје - Награда "Љубомир Белогаски" за најдобра изложба на млад автор во Музеј на град Скопје; 2000 Скопје - Награда "Јордан Грабул" за скулптура од ДЛУМ.



"Сегмент",
метал, пластика,
31x32x15;
2006

## ГОРДАНА ХАЏИ - НИКОЛОВА МАЛАШЕВ



Родена во Гегелија 1976. Во 1995-завршува средно Уметничко училиште "Лазар Личеновки" - Скопје. Во 2000 завршува Факултет за ликовни уметности отсек вајарство,во класа на проф. Драган Попоски Дада. Од 2000 - Член на ДЛУМ. Во 2003 - магистрира во областа вајарство на Факултетот за ликовни уметности Скопје во класа на проф. Драган Попоски Дада. Самостојно излага во Скопје, Гевгелија, Струмица, Куманово, Британски Културен Центар - Скопје; Арт Кафе - Скопје; 2005 - "Тие - Ретро" - хотел "Југо" Гевгелија. Учествува на повеќе групни изложби. Живее и работи во Гевгелија.



"Мајсторче",
дрво, 66x20x14;
2005



## МАРИЈА СТОЈАНОСКА

Родена е во Прилеп, 1981. Средно образование завршува во ДСУПУ "Лазар Личеноски" - Скопје, отсек вајарство. Дипломира вајарство на ФЛУ - Скопје во 2005, во класата на проф. Васил Василев, а студира и на пост-дипломските студии на Филозофскиот факултет во Скопје на Институтот за историја на уметност, насока современа уметност под менторство на проф. Владимир Величковски. Членува во уметничката група "Авангарда". Учествувала на повеќе изложби во земјава и странство меѓу кои групни изложби во Скопје, Нимберг (Германија), Венеција (Италија), Приштина (Косово), Прилеп и др. Учествува во работа на повеќе колонии (Прилеп. Струга). Реализирала две самостојни изложби во 2007 год. во Прилеп и Гостивар.



"Човек во движење",
дрво, 106x19x13;
2001



## МАРИНА ЦВЕТАНОВСКА - МАРТИНОВСКА

Родена 1977 во Куманово. Дипломирала 2000 на педагошки оддел, насока вајарство со сценографија во класата на проф. Станко Павлески на ФЛУ, Скопје. Во 2005 завршува постдипломски студии по вајарство на ФЛУ под менторство на проф. Станко Павлески. Член на ДЛУМ од 2000. Вработена како ликовен педагог во ОУ "Браќа Миладиновци" Куманово од 2001. Самостојно изложува во: 2002 "Посакувајќи" (Уметничка галерија - Куманово), (Уметничка галерија "Безистен" -Штип), 2003 (РУ "Јоска Свештарот" - Струмица); 2004 - "...БЕЗ ПОЧЕТОК" (Cite Internationale des Arts - Paris) 2005 - "1 2 3 4 5 6 7" - (Музеј на град Скопје-Скопје), (Уметничка галерија-Куманово) 2006 Инсталација "Решение од идниот број" (Музеј на современа уметност - Скопје); 2007 Инсталација "за полното и празното" - Прима центар Берлин, Уметничка галерија - Куманово. Учествува во повеќе групни проекти а работи и како сценограф и костимограф и за својата работа има добиено повеќе награди и признанија.



"За празнината во полното",
метал, јаже,
плотерски отпечаток,
70x100x30,
2005



МИРОСЛАВ ВЕЛИЧКОВСКИ

Роден е 1983, во Скопје. Во 2006 дипломирал на Факултет за ликовни уметности - Скопје, оддел - вајарство, отсек - керамика, во класа на Проф. Жарко Башески. Учествува во повеќе групни проекти во Куманово. Скопје, Виница и Штип. Работи сценографии за филм (Големата вода); театар (Брачна понуда) и прослави (прослава на Св. Кирил и Методиј - 2005).
Има реализирано и три перформанси во Скопје. Живее и работи во Куманово.



“Метаморфоза“,
пур пена, полиестер,
метал, 87x55x25;
2007



НИКОЛА СМИЛКОВ

Роден во Штип во 1973. По завршувањето на ФЛУ во Скопје, во 2002 магистрира во областа вајарство, во класата на Драган Попоски - Дада. Никола Смилков редовно учествува на меѓународни симпозиуми во земјата и странство - Бугарија, Словенија, Црна Гора, Србија, Романија.
Реализирал три самостојни изложби во Прилеп, Скопје и Штип, како и повеќе групни изложби, во земјата и во странство.



"Композиција",
мермер, 34x45x15;
2007



## САШО АНДЕВСКИ

Роден е 1965. Дипломирал 1990, на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје, отсек вајарство во класата на професорите Петар Хаџи Бошков и Бранко Конески. Учествува во работата на повеќе ликовни проекти, ликовни колонии и групни изложби во Македонија. Реализира и две самостојни изложби 1990 и 1992. Живее и работи во Куманово како ликовен педагог, но и активно е вклучен во продукција на свои нови скулптури.



"Глава",
мермер, 20x25x34;
2007



## САШО САЗДОВСКИ

Роден 1976, во Скопје. 1995 - завршил средно Училиште за применета уметност - Лазар Личеноски - Скопје. 2000 - Дипломирал на Факултетот за Ликовни Уметности во Скопје. Оддел: Вајарство и графички дизајн. Во 2002 - Магистрирал на универзитетот Св.Кирил и Методиј" на Факултетот за Ликовни Уметности во Скопје, оддел: вајарство во класата на Проф. Драган Попоски - Дада. Во 2006 се здобива со педагошка доквалификација. Работел како скулптор, професор и графички дизајнер. Има реализирано 5 самостојни изложби во Скопје, Прилеп, Битола и Охрид. Учествувал во работата на повеќе работилници, ликовни проекти и групни изложби. Во 2001 ја добива наградата за скулптура "Јордан Грабул" на ревијалната изложба на ДЛУМ. Живее и работи во Скопје.



"Сингл",
мермер, метал, дрво,
37x55x10;
2007



## СЕРГЕЈ ДАМОВСКИ

Роден е 1963 во Чорух - Дајрон / поранешна СССР. Своето образование го стекнал во Скопје, а 1990 дипломира вајарство на ФЛУ - Скопје , во класата на проф. Васиол Василев.
Учествувал во повеќе ликовни проекти и колонии, како и на повеќе групни претставувања.
Има реализирано пет самостојни изложби. Член е на ДЛУМ од кое има и добиено награда за својата работа. Живее и работи во Скопје како ликовен педагог.



"Лунар",
мермер, 36x30x20;
2007



## СТОЈМИР ПЕТРОВ

Роден е 1941 во Шлегово - Кратово. Завршува средно образование во Училиштето за применета уметност - 1963 во класата на Лазар Личеноски. Во 1965-66 се запишува на Академијата за применета уметност во Белград и дипломира на отсекот за вајарство со применета пластика. Работел како дизајнер, реставратор и конзерватор, но и како ликовен педагог. Од 1974 - 1995 работи како директор на Музејот на град Кратово, а во 2003 работи како директор на Домот на културата во Кратово каде и се пензионира. Живее и твори во Кратово.



“Женско торзо“,
68x16x12;
2007



## ТОМЕ БУНДОВСКИ

Роден е 1953 во Скопје. Завршил 1984 на ФЛУ - Скопје, во класата на Петар Хаџи Бошков. Бил на студиски престој во Рим и Фиренца. Реализирал преку триесетина самостојни изложби на скулптури , цртежи и слики во Македонија и Европа (Франкфурт, рим, Белград, Сплит и др.) Активно учествува во работа на повеќе колонии во земјата и странство. За својата работа добил повеќе награди и признанија меѓу кои и наградите за скулптура “Димо Тодоровски“ и “Јордан Грабул“ како и наградата за животно дело на симпозиумот во Прилеп за монументална парковска скулптура. Член е на ДЛУМ од 1984 од кога е и со статус на слободен уметник. Живее и работи во Скопје.



“Аполон“,
гранит, 46x29x18;
2007

ТОНИ НИКОЛОВСКИ



Роден е во Битола 1973. Завршил средно Уметничко училиште "Лазар Личеноски" - Скопје, оддел вајарство, како ФЛУ Скопје - оддел вајарство со керамика, дипломирал 1997 кај професорот Бранко Конески. Работи во Н.У. Завод и Музеј Битола како конзерватор на фрески, икони и мозаици. Живее и работи во Битола. Од 1999 членува во ДЛУБ, а 2004-05 е и претседател на оваа здружение. Самостојно изложува во Битола (1998-99 "Хераклејски вечери" и Центар за култура), а учествува и на групни изложби во Истанбул (Турција); Софија (Бугарија) и Куманово како и на сите изложби организирани од ДЛУБ. Во 2005 учествува во изработка на сувенири во рамките на Ресенската керамичка колонија.



“Фигура 14“,
теракота, 42x12x14;
2006

По неколкугодишната пауза биеналната изложба “Скулптури на новото време 2007“ повторно ќе биде претставена пред пошироката публика. Оваа изложба на скулптури ќе биде четврто издание на "Скулптури на новото време " со модел на организирање коешто е под комплетна координација на Националната установа - Центар за култура “Трајко Прокопиев“ - Куманово и со финансиска помош од Министерството за култура на Република Македонија. Искуствата со предходните изложби од овој проект покажаа позитивни реакции кај публиката и ликовната критика, а можноста истата да ја видат во повеќе градови во државата дополнително ги мотивираше сите учесници на оваа изложба. Тој концепт ќе го задржиме и при реализацијата на "Скулптури на новото време 2007" промовирајќи изложба на скулптури којашто има тенденција да привлече што поширок круг на публика и притоа да ја информира за македонските скулптори и нивната моментална авторска продукција. За учество беа поканети педесеттина автори од кои 22 дипломирани скулптори од сите генерации прифатија да бидат дел од оваа изложба. Се надеваме дека со реализацијата на оваа изложба во повеќе македонски градови ќе свртиме поголемо внимание на јавноста во врска со современата македонска скулптура и нејзиното опстојување на македонската ликовна сцена. Идејата за "Скулптури на новото време" е, пред сè, пошироката но и стручната јавност да се запознае со дел од авторските скулпторски остварувања од понов датум, а по секое петто издание да бидат сумирани резултатите од изложбите со издавање на публикација од повеќе релевантни автори кои би дале свое видување. Можност за класичен кураторски пристап кон организирање на ваков тип на изложба, за жал, во моментот не постои поради скромната продукција на скулпторски дела, но нашите амбиции ќе бидат задоволени доколку предизвикаме поголемо внимание кај јавноста а материјалот што го презентираме да биде употребен за некои идни истражувања. Скулптурата и скулптуралното тродимензионално размислување датираат од самите почетоци на човековите свесни напори за изработка на објекти коишто би имале посебно значење за нивното непосредно опкружување. Просторното размислување е комплексен процес за кој треба да се има чувство за реалната димензија на стварноста, а јазикот којшто ќе биде употребен во изразувањето на истото треба воедно да ја претставува идејата на авторот на разбирлив начин за конзументот. Оттука и големиот предизвик што стои пред денешните скулптори - да се биде свој и оригинален со специфична ликовна елаборација и пристап. Во таа авантура и потрага за новото честопати поважна станува самата постапка од крајниот резултат - скулптурата. Затоа и некои дела не можат да се конзумираат на "прв поглед" без дополнително објаснување од авторот. Иако одамна започна трендот на бришењето на границите помеѓу уметностите, а слободата на изразувањето стана најголем приоритет бришејќи ги "прецизните" дефинирања, сепак, можеме да кажеме дека на изложбата фигурираат скулптури коишто можат да се поделат во две основни групи според пристапот на авторите - класична скулпторска група и концептуално објектна група. Од самото дефинирање на изложениот материјал не помалку важни се и прашањата што се отвараат: Каков однос имаме спрема современата скулптура во Македонија и нивните автори? Дали би сакале дел од овие скулптури да бидат "жители" во нашите простори? Колку ни е важно непосредното опкружување, животниот и работниот простор и дали скулптурите можат да внесат позитивни влијанија во истите? Доколку овие и други прашања врзани со скулптурата бидат дел од впечатокот што ќе го понесете од оваа изложба ќе сметаме дека сме ја оствариле целта.

Роберт Цветковски, историчар на уметноста

Проектот е финансиран од Министерство за култура на Република Македонија

Издавач: Национална установа - Центар за култура “Трајко Прокопиев“ - Куманово
За издавачот: Роберт Павлевски, текст и фотографии: Роберт Цветковски,
Дизајн и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски,
Печати: “КИМЕ-ГРАФ“ - Куманово, Тираж: 300, Куманово 2007